IN MEMORAM

# ПРОФ. Д-Р ЈОВАН КОРУБИН – ПРВ ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА *СОЦИОЛОШКА РЕВИЈА*, 1948–2006 ГОДИНА

И покрај неговата дарба на мошне спонтан, интелигентен и бурен начин да го покаже своето присуство во која било ситуација, неговото заминување беше ненадејно, брзо и тивко. Тоа беше само еден ден по неговото враќање од Париз, каде што учествуваше на *Деновите на македонскта култура и наука во Франција*, каде што ги презентираше карактеристиките на македонското општество. Иако тоа не беше негова прва посета на Париз, не беше мала неговата воодушевеност од минувањето низ местата за кои пишуваа Виктор Иго и Оноре де Балзак, за него не само романсиери, туку и хроничари на времето. Би било во духот на неговиот карактер да одбележам дека во еден момент, наоѓајќи се на недогледниот плоштад *de la Concorde*, тој ден особено сончев, невообичаено за тој период од годината, го споменуваше Виктор Иго велејќи: *Сега знам зошто Виктор Иго го нарекол Париз град на светлината, овде и природата работи врз отворањето и просветлувањето на човековиот дух.*

Првиот број на *Социолошка ревија*, целосно концептуализиран од страна на професорот Јован Корубин, се појави во 1995 година. Иако Институтот за социологија дејствува и профилира кадри во овој домен уште од 1975 година, појавувањето на едно професионално гласило токму во овој период, дваесет години по основањето на социологијата, се должи на посебните лични и професионални особини на колегата Јован Корубин. Се чини дека публицистиката и пишуваниот збор беа вистинското поле каде што можеше да дојде до израз неговиот извонреден талент за креација на чиста мисла, за конструкција на убава македонска реченица, за откривање на внатрешната суштина на нештата. Уредувањето на Ревијата за него не претставуваше задолжение или нешто што тој го ставаше во функција на градење на лична професионална кариера. Секој новоиздаден број на Ревијата за него беше колективен професионален успех, лична сатисфакција од афирмацијата на професијата. Ја практикува-

ше сопствената професија со голема посветеност и често истакнуваше дека најзначајното во извршувањето на една професија е ...*градењето на достоинството, поттикнувањето на творечкиот ентузијазам, кои, се чини како сè повеќе да се повлекуваат пред налетот на житејското сфаќање на науката, каде што науката е средство, а не цел* (Ј. Корубин, *Кон првиот број на Социолошка ревија*, 1995).

Печатењето на списание во контекстот на Здружението на социолозите на Република Македонија ни малку не е прашање на чест, туку прашање на големи задачи. Веруваме дека при подготовката и реализацијата на првите броеви условите биле уште посложени. Не е доволен само ентузијазмот и подготвеноста да се извршат уредувачките активности, пред овие стручни задачи постојат редица макотрпни задачи за да се пронајдат финансиски средства, за што постои голема веројатност дека во почетоците на турбулентните времиња на транзицијата тоа било уште потешко, а резултатот понеизвесен. Многу е благодарно од колегата Корубин што му дал предимство на колективниот професионален успех збогатувајќи го професионалното поле со еден многу значаен инструмент, а тоа е гласот на професијата. Кон *Социолошка ревија* се однесуваше како да се работи за негово сопствено дело. Поради неговата амбиција многу внимателно и педантно да ги чита сите текстови и поради неговата огромна вештина да ги детектира конфузните мисли на авторите, честопати влетуваше во дискусии, покажувајќи како треба да се изостри мислата за да го мисли истото како авторот и оној што го чита текстот. Многумина ќе почувствуваат благодарност поради овој негов критичен аспект кон текстовите.

По повод издавањето на првиот број на *Социолошка ревија*, Јован Корубин, како главен и одговорен уредник, истакнува: *Појавувањето на ново списание, дури и во овие помалку конвулзивни времиња, не може да се доживее поинаку освен како значаен културен настан. Периодиката е живиот литерарен сегмент, кој, низ еден континуитет, го регистрира духовното живеење на една средина во неговата творечка полност, но често и во неговата озразена инсуфиценција.* Токму овде тој го предвидува одговорот на прашањето зошто *Социолошка ревија* се јавува токму во тој период, а тоа е периодот кога професијата има потреба да го изрази своето духовно живеење.

Јован Корубин уреди три броја на *Социолошка ревија*, сосема доволно за нејзиното натамошно излегување да добие нормален тек, со исклучок на неколку периоди. Денес таа го доживува осмото издание, што зборува дека акцелерацијата дадена на почетокот сè уште има енергија да ги движи нештата во овој домен.

Со благодарност кон првиот главен и одговорен уредник на *Социолошка ревија*, на професорот Јован Корубин, за *Вечен мир и слава.*

Во името на управниот и редакцискиот одбор:
Актуелен главен и одговорен уредник
на Социолошка ревија

*Проф. д-р Милева Ѓуровска*